# ‚О, Хаким, овој имот е зелен и сладок

Хаким бин Хизам, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Го замолив Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и тој ми даде. Потоа повторно го замолив, и пак ми даде. Потоа ми рече: ‚О, Хаким, овој имот е зелен и сладок. Кој го земе (она што му следува) со задоволство и без покажување алчност, ќе има бериќет во него. А кој го земе со ненаситност, нема да има бериќет и ќе биде како оној што јаде, но не се заситува. Горната рака е подобра од долната.‘ Јас реков: ‚О, Божји пратеник, се колнам во Оној Кој те испрати со вистината, после тебе никогаш нема да побарам ништо од никого, сè додека сум жив.‘ После тоа, Ебу Бекр, Аллах нека е задоволен со него, го повикуваше Хаким за да му даде дел од имотот, но тој одбиваше да земе. Исто така и Омер, Аллах нека е задоволен со него, го повика за да му даде, но и од него одбиваше. Тогаш Омер им рече на муслиманите: ‚Јас му го нудам неговиот дел што Аллах му го определил од воениот плен, а тој одбива да го земе.‘ И Хаким, Аллах нека му се смилува, не побара ништо од никого по Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, сè до неговата смрт.“

[صحيح] [متفق عليه]

Хаким бин Хизам, Аллах нека е задоволен со него, раскажува дека го замолил Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, за нешто од овоземиот имот, па тој му дал. Потоа повторно го замолил, и пак му дал. Потоа Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му рекол: „Овој имот е посакуван и привлечен. Оној што ќе го земе без да го бара и да се наметнува, ќе има бериќет во него. А оној што ќе го земе со наметнување и ненаситност, нема да има бериќет и ќе биде како оној што јаде, а не се заситува. Горната рака – онаа што дава – е подобра од долната – онаа што бара.“ Хаким рекол: „О, Божји пратенику, се колнам во Оној Кој те испрати со вистината, после тебе никогаш нема да побарам ништо од никого, сè додека сум жив.“ После тоа, Ебу Бекр, Аллах нека е задоволен со него, го повикувал Хаким за да му даде дел од имотот што му припаѓал, но тој одбивал да земе. Истото се случило и во времето на Омер, Аллах нека е задоволен со него, кој исто така сакал да му даде, но Хаким повторно одбил. Тогаш Омер им рекол на муслиманите: „Му го нудам неговиот дел што Аллах му го определил од имотот на воениот плен, а тој одбива да го земе.“ Така Хаким, Аллах нека му се смилува, после Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, никогаш не побарал ништо од никого, сè до својата смрт.

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY

لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC
E-Da'wah Committee